Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 08.05.2019 година, во врска со Предлогот бр.03-2587/1 од 08.05.2019 година за покренување прекршочна постапка против Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, бр.10-2578/1 од 08.05.2019 година и утврди прекршување на Изборен законик.

2. Советот заклучи против Трговско радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со точка 4 од Упатството, наведениот радиодифузер во текот на четири реални часа емитувана програма на 2 и на 3 мај 2019 година, одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање на кандидатите на политичките партии на власт - за кандидатот за претседател Стево Пендаровски и за кандидатот за градоначалник на Охрид, Константин Георгиески.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.** 02-2559/3

08.05 **2019 година**
**С к о п ј е**

15:03

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**